Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Кинотека на
Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e
Republikës së Maqedonisë se Veriut

Бр.-Nr. 03 - 07/1
05.01 20 22 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 49 од Статутот на НУ Кинотека на Република Северна Македонија, бр.01-634/1 од 26.05.2015 година, бр.02-462/5 од 04.05.2018 г. и бр.02-220/3 од 12.03.2019 г., а согласно членовите 9 и 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на Република Северна Македонија", бр.101/19), донесувам

# Л И С Т А

## на информации од јавен карактер

1. Информациите кои ги создала и со кои располага Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија согласно нејзините надлежности, кои ќе бидат достапни до барателите на информации како информации од јавен карактер, се следните:

1.1. Информации кои произлегуваат од работата на Управниот одбор на Кинотеката на Република Северна Македонија:

- Статут на НУ Кинотека на Република Северна Македонија;

- Општи акти-Праилници кои произлегуваат од Законот за културата, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници, Законот за работните односи и други законски и подзаконски акти со кои се регулира работењето на Кинотеката на Република Северна Македонија;

- Годишни програми и Планови за работа;

- Годишен буџет и Завршна сметка;

- Годишни извештаи за работа;

- Ревизорски извештаи;

- Тарифници за утврден надомест за услугите кои произлегуваат од дејноста на установата согласно закон;

1.2. Информации кои произлегуваат од работата на Директорот на установата:

- Финансиски планови по квартали и програми за реализација на буџет;

- Квартални извештаи за спроведување на годишната програма за работа на Кинотеката, за реализација на проектите и за преземените мерки согласно Законот за културата;

- Информации во врска со организационата поставеност на Кинотеката согласно Правилникот за внатрешна организација-Органограм и Правилникот за систематизација на работните места во НУ Кинотека на Република Северна Македонија, со Табеларен преглед на работните места;

- Годишен план за јавни набавки на Кинотеката;

- Целокупна документација за спроведените јавни набавки, предвидени во Годишниот план за јавни набавки

2. Заштитени од правото за слободен пристап до информациите се оние информации кои се наведени во член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.101/19). Овие информации станувaат достапни, по престанувањето на причините за нивната достапност.

По исклучок, ќе се одобри пристап до информација од ставот 1 на овој член, по задолжително спроведен тест на штетност со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.

3. Оваа Листа на информации од јавен карактер на Кинотеката на Република Северна Македонија, влегува во сила почнувајќи од 10.01.2022 година.

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Кинотека на Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Скопје-Shkup

Директор

Владимир Ангелов